## ,,Истражи ја својата најблиска околина и откриј ги нејзините најопасни и најштетни ефекти``

Проектот ,,Research your closest environment and discover its most dangerous and harmful  effects" беше реализиран во периодот од  19.12 2013 година до 18. 12 2014г. и финансиран од фондовите на Европска унија  од ИПА програмата за меѓугранична соработка помеѓу Бугарија и Македонија. Во проектот учествуваа три партнера: средното училиште ,, Гоце Делчев`` од Валандово , средното училиште ,,Климент Тимирјазев`` од Сандански и здружението ,,Зуг`` од Валандово.

Аутпутите од проектот се  опремени лаборатории и во двете училишта кои се користат од учениците. Учениците ги употребуваат инструментите за да ја измерат загаденоста од нитрати, фосфати, калиум  во почвата, водата, воздухот. Училиштата од Валандово и Сандански се средни училишта со земјоделска струка и за оваа струка од непроценлива важност се инструментите кои се добиени од овој проект и кои инструменти се користат за време на часовите,а  и за време на практичната обука.

Но,   уште поголема придобивка за училиштата е  цврстата врска помеѓу колегите  која се зајакна при реализирањето на овој проект.  Меѓусебната соработка помеѓу нив продолжува и по завршувањето на проектот. Доказ за тоа е нивното  заедничко учество на други проекти, а и повторното аплицирање со нов проект  на истата програма од ЕУ во наредниот повик за меѓугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија.

*Let`s protect ourselves!*